РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр УП1 19-496
________ година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15 и 30/16), министерот за образование и наука донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски тригодишни студии по Технологија и Металургија на Технолошко-маталуршки факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиските програми од трет циклус на докторски тригодишни студии по Технологија и Металургија на Технолошко-маталуршки факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

Технолошко-маталуршки факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 03-345/1 од 29.02.2016 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-496 од 02.03.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски тригодишни студии по Технологија, акредитирана од страна на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование со решение бр. 12-87/4 од 23.02.2016 и Металургија акредитирана од страна на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование со решение бр. 12-87/3 од 23.02.2016

Министерството надлежно за работите на високото образование, со Решение УП1 бр. 14-496 од 10.03.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус докторски тригодишни студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 19.04.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-496 од 26.04.2016 година, каде е наведено дека за заедничката студиските програми наведени во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.(„Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- Примачот
- Архива

изработил: Нухи Аједини
контролирал: Борчо Алексов